Б И Л Т Е Н  Бр. 1

# 41

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ"
# П Р И Л Е П

0 4 . 0 6 . 2 0 0 6

## ПОЧЕТНИ ПРОБЛЕСОЦИ

Зошто конвенции, зошто фрази, зошто шкрти зборови?! Годинешниов театарски фестивал "Војдан Чернодрински" исчекорува чекор во петтата деценија на своето суштествување, а тоа веќе само од себе е обврска повеќе за театарот и за луѓето што го организираат театарскиот фестивал. Простете ни на нескромноста, но тоа е веќе обврска за сериозна размисла на луѓето кои се и ќе бидат на чело на манифестацијата и со тоа натаму ќе му ја определуваат и посоката. Имаме право да судиме дека според сегашните нивоа и изведените претстави во театрите, режисерските гледања и драматурските подлошки дека идните времиња наговестуваа отвореност на тематиките и приодите, на самата поетска и интимна насоченост на театарското интересирање. Блискост до најоригиналните европски авантури за општествената потреба од театарот на човекот. Тоа значи дека театарот се враќа во неговиот живот, се враќа во корените на сопственото потекло, се враќа во сопствената просветителска мисија да биде просветител и патоказ во човековото просветување. Оттука логично е да се залагаме и безрезервно да се внесуваме во новите театарски зафати и преку тоа да го издигаме фестивалот "Војдан Чернодрински" до нови значења, да го доведеме во ситуација да биде мост во театарското - и културно општење меѓу европските метрополи меѓу сродните истомисленици и замисленици пред идните постапки на човекот денес, тука и во светот. Впрочем мислиме, и тоа мислиме јавно, на самиот почеток го кажуваме дека театарот е моќен да ги надживее проблемите на времето. Чеховски да ни понуди спасение од досадата од неподвижноста, од сеопштата глупост. Оттука дозволете ни и прифатете ја поканата за заеднички повик кон иднината, пред која денес дадовме виза за кревање на завесата и зачекорување на фестивалот во својата петта деценија - СРЕЌНО!

● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ●

## КИРИЛ РИСТОСКИ - претседател на Собранието на МТФ

Често актерите сонуваат дека го заборавиле текстот. Од пусти страв, разбира се. Јас оваа година немам таква мака, ама во последно време сонот ми скипна, поетски да се изразам. Па сонувам сé и сешто. Се штреknав едно глуводоба деновиве од соништата што ги сонувам, гледам не можам да заспијам, зедов една книга и непендек се отвори каде што дедо Марко Цепенков ги толкува соништата. Вели: да пукнат пушки зад тебе и чоеко шо ќе ги пукни да не го видиш, ќе добиеш некој абер за пари. Ама колку и да ти велат дека се многу - да не веруваш. Малку се. Абе оти верувам, не верувам. Читам понатаму, вели: да му даваш некому бастун насон, ќе се свиткаш од зорт, оти повеќе ќе имаш за давање пари, отколку што ќе ти дадат. Ај мајката си велам, сé опаку. И така читајќи сум задремал, туку ете ти еден спасоносен сон, ѓоамити еден Еѓуптин зел на заем пари од еден Влав. Поминале неколку месеци Еѓуптинот ги влече париве, мамеле, демек камата. Му вели Влавов, абе пријателе нити пари враќаш, нити мамеле даваш. Види, му рекол Еѓуптинот, кај да е ќе пукни пролет, ќе затопли, ќе излеземе со децата в поле, па од трнките и трњето кајшто паселе овците, се трилкале, оставале од руното, оти сите овци уште не се стрижени, влакно по влакно ќе ја собереме волната, ќе ја продадеме и парите ќе ти ги вратам топтан сосе мамеле. Влавот и колку да му се стемнило пред очите, се насмеал, а Еѓуптинот му рекол, ааа се смејш, убо ти дојде, лапна пари сосе мамеле, топтан. И така повторно се штреknав, ама сега насмеан оти пукна пролет одамна а и се потстопли времево.

МАРЈАН РИСТЕСКИ - градоначалник на Прилеп

. . . Имам ретка чест, оваа вечер создадена за игра и забава, за нови драмски дострели, од името на градот домаќин срдечно да ве поздравам и оваа година како и многу години наназад Прилеп го докажа своето гостопримство посакувајќи пријатен престој. По 41 година игрите прераснаа во почитувана институција на нашиот современ театарски живот без кој е навистина тешко да се замисли македонската култура. "Војдан Чернодрински" стана дел од духовниот живот на нашиот човек во неговото културно збогатување, траен придонес во растежот на македонската култура. ( . . . ) Нека и овие игри бидат новиот знак на единствениот пат што упатува кон единствениот правец - фестивалот да биде презентација на театарското совршенство во Македонија. Вечерва по 41-пат ќе се крене завесата на театарските игри "Војдан Чернодрински". Оваа стереотипна реченица, обично изречена, сепак проговорува за заложбите што овде се правеле пред 41 година: за ентузијазмот, за желбите, за неспоредливиот порив на еден творечки народ да има свој театарски храм. Прилеп кој има специфичен однос кон драмската уметност овие денови ќе живее со театарот и за театарот. Нека божицата Талија ви вдахне победнички дух на штиците што живот значат. Сé е подготвено и магијата наречена театар може да почне!




БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ - министер за култура

. . . Ова 41-во издание е доказ за неговата виталност и способност да опстои наспроти сите потешкотии низ коишто поминувал. Фестивалот "Војдан Чернодрински" е настан што несомнено му дава печат на целокупниот културен живот. Градот под Марковите кули станува една голема сцена на која може да се проследи најдоброто од тековната театарска сезона. Да се биде на фестивалот е навистина привилегија што обврзува.

Славното име што со гордост го носи овој фестивал, нé обврзува сите нас и како публика и како селектори и организатори, но и како учесници да ги вложиме сите напори овој фестивал да остане препознатлив белег на македонскиот театар. Да остане место каде што чесно и објективно ќе се оцени вложената енергија и креативен напор во создавањето на еден од најблагородните продукти на човековиот творечки дух - театарската претстава.

Токму затоа наспроти разбирливата желба да се биде дел од фестивалот, неодминлив е процесот на објективна селекција на оние претстави во кои е вложен максимум енергија, но и претстави кои ја одразуваат сета разноликост на актуелниот театарски миг.

Го прогласувам 41-от по ред Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" за отворен!

Македонски народен театар
Скопје



**ЦРНИЛА 005**

Коле Чашуле

Режија: Слободан Унковски
Сценограф: Мета Хочевар
Костимограф: Јелена Проковиќ

Актери: Николина Кујача, Емил Рубен, Јовица Михајловски, Јордан Симонов, Тони Михајловски, Оливер Митковски, Даниела Стојковска.

**Актерите за претставата:**

ТОНИ МИХАЈЛОВСКИ, актер - Овие "Црнила" не се поинакви туку, напротив, овие се вистинските црнила на македонскиот народ, покажани на поинаков начин, односно подиректно. Ако она што со текот на годините станало сиво и се напластило, ние го "излупивме" за да видиме дека основата му е поцрна од тоа што некои не убедуваат стотина години. Ова е една од претставите кои се фаќаат во прегратка со вистината и вели: Да, ова е вистината, ја носи со себе и им ја покажува на другите.
Го градев ликот на Фезлиев, за трагедијата на Македонецот - самоубиец кој трага по својата смрт, кој нема храброст да го стисне чкрапалото на револверот, сега, тука и во една секунда да го заврши својот мизерен, предавнички живот. Тој се загубил себе си како Македонец и остава тоа да го реши животот - биолошкиот часовник или некој друг. Значи едно пролонгирано самоубиство. Постојано е во потрага по сопствената смрт, молејќи се таа да дојде што поскоро. Тоа е оној самоубиствен ген на Македонецот што мислам дека го гледаме и во изминативе петнаесет години.

**Публиката за претставата:**

- Претставата беше супер. Ова е поинакво видување, во некој помодерен стил. Малку е несфатлива за сите нас што бевме присутни, но ми се допадна. Актерските креации беа одлични, посебно онаа на Тони Михајловски.
- Едно многу современо гледање на Слободан Унковски на култната македонска драма, иако крајот како Македонци многу не нé радува... Но, сепак, она што беше сценски, она што беше актерски, беше изведено на највисоко ниво и мислам дека видовме една прекрасна претстава во која артистите се внесоа целосно себе си, задоволувајќи ги сите вкусови на публиката.

ЛИЧЕН СТАВ

Круме Стевананџија - професор: По следењето на претставата "Црнила 005" во изведба на МНТ недвосмислено ми се наметна ставот за драмското доживување произлезен од режиското читање на текстот на Чашуле од страна на Слободан Унковски. Можам да речам дека Унковски ме воодушеви и ме натера на длабока размисла. Се прашам дали на тоа ја натера и публиката. Мислам дека пораката на Ункоски беше точна, дека треба длабоко да размислиме за нашето постоење, за нашата историја, за се она што како иднина како Македонци треба да го чиниме за Македонија. Таа е европска претстава која имаше и друга димензија да не засмее но и да не предупреди дека смеејќи се, сме далеку од она што во Европа е сегашен миг односно смеејќи се, ние и се смееме на сопствената европска изгубеност. Тоа е мојот став за претставата "Црнила 005" и инзворедната режија на Унковски.

БРАНКО СТАВРЕВ - добитник на награда за животно дело

*Наместо благодарност за наградата:*

Во Прилеп доаѓав со голема радост поради Марко Цепенков и неговото уверување дека мнозина философи има гоедари и дека мнозина гоедари станале философи,

Со Коста Рацин престојував во овој мермерен град заради кантарот студен на кој со туч го мерат (а можат ли да го измерат) нашиов тутун, нашава мака, нашава солена пот,

Со Крсте Петков Мисирков сакав да дојдам во Прилеп заради "прашањето" што направивме и што треба да правиме во иднина,

Со Војдана Чернодрински во Прилеп заради сите македонски крвави свадби, но и заради духот на слободата,

Со Блажета Конески идев во Прилеп заради стиховите за Песните кои рамностојно се однесуваат и на претставите;

Неук, си мислев:
Па тие така
случајно се јавуваат.
А сега назад погледувам,
Гледам -
Па тие ме обврзуваат!

Поради Вас идев во Прилеп, заедно да патуваме со "Трамвајот наречен желба", или пеш да одиме по "Тутунски пат", сеќавајќи се постојано на "Нежната птица на младоста"...



Кон монографијата "ПРЕВЕЗИ, ЛИЦА",
промовирана од м-р Иван Додовски

"Превези, лица" е монографија, издание на Темплум, во која се бележат 55-те години творештво на македонската раскошна театарска дива Милица Стојанова.

Самата монографија е нетипичен труд, кој се измолкнува од строгите дефиниции на овој жанр. Но, и Милица Стојанова, истакнува промоторот, е нетипична македонска актерка.

"Монографијата е со нестандарден формат, минуциозно дизајнирана според концептот на Драган Протиќ, графички супериорно подготвена од Небојша Гелевски од студиото Кома лаб. Животната и творечка врвица на Стојанова е претставена без да се падне во замката на примамливите, но сувопарно сциентистички песни на тетаролошките сирени. Уредник на ова издание е Искра Гешоска, а автор на текстот Јасна Франговска. На 300 страници и веројатно ист толкав број фотографии, со цитати од нејзините размисли, па дури и од нејзините актерски тетратки и елиптични стихови, тајната на Милица Стојанова се раскажува на возбудлив начин." - рече Иван Додовски на промоцијата.



Тој преку разговор се обиде да проникне во душата на актерката, навлекувајќи ја да говори за најзначајните моменти од нејзиниот живот. Кон сето тоа се надоврза и краткиот филм во кој нејзини колеги, актери, режисери, публицисти, театролози и пријатели говореа за нејзината фантастична посветеност кон професијата.



Народен театар - Битола

**ЖЕНИДБА**

Николај Василевич Гогољ

Режија и адаптација: Лилија Абаџиева
Сценографија: Васил Абаџиев
Костимографија: Благој Мицевски
Музичко оформување: Лилија Абаџиева

Актери: Викторија Степановска, Габриела Петрушевска, Маја Андоновска, Рубенс Муратовски, Иван Јерчиќ, Огнен Дранговски, Методија Колоски, Мартин Мирчевски, Илина Чоревска, Никола Пројчевски.

**Актерите за претставата:**

ИВАН ЈЕРЧИЌ, актер - Оваа изведба не е различна од класичното што го носи делото на Гогољ. Во актерската игра многу внимававме на автентичниот текст на Гогољ, се' што беше скратено беше во функција на драматургијата на претставата. Не бегавме од стилот на авторот, но во однос на досегашните поставки, во "Женидба" дадовме едно видување на млада генерација и на театарот воопшто. Третиравме проблеми кои нас не преокупираа, музиката и мислам дека успеавме во тоа.

РУБЕНС МУРАТОВСКИ, актер - Велат ова не е класична постановка на Гогољ. Големината на генијалните автори е што може да се поставaт на каков било начин. Лилија Абаџиева е одличен режисер кој знае да допре до актерот во вистински правец и се надевам дека повторно ќе работам со неа.

ВИКТОРИЈА СТЕПАНОВСКА, актер - Многу поинаков Гогољ и едно прекрасно искуство што му го посакувам на секој млад актер. Сега сум на четврта годинана ФДУ. Беше прекрасно, многу напорно и благодарам за можноста што ми ја дадоа, зашто ретко се добива можност да се работи со еден голем режисер. Многу работевме, но мислам се исплатеше и публиката е сведок на тоа. А кога се прави концепт да се игра "Женидба", Агафја е стара мома која едвај чекаат да ја омажат. Сега Лилија тоа го виде поинаку. Гледавме една млада девојка која ги маѓепса сите околу неа и мислам дека го постигнавме тоа што сакавме. Направивме претстава со изградени ликови.

ГАБРИЕЛА ПЕТРУШЕВСКА, актер - По долго време имаме претстава која е свртена кон вистински театар. Секој кој ја гледа тоа го препознава. Одлично беше да се работи со Лилија: инвентивно, забавно, на моменти тешко, како што всушност е секој процес.



**Публиката за претставата:**

Претставата беше "добра"  кажано кратко и јасно!
Режиски добра постановка, иако актерската игра можеби не беше комплетна барем на три -четири актери!
Одлична претстава!
Габриела Петрушевска беше одлична! Ми се допадна и сите тие користени елементи на филмовите од почетокот од историјата на филмот.
Супер! Се ми се допадна!
Уиграна и многу инересна претстава! Претставувањето на Гогољ беше многу интересно!
Генијално, многу ми се допадна. Актерската игра ми се допадна многу, но претставата ми се допадна и визуелно!

ОДБЛИСКУ СО... ЛИЛИЈА АБАЏИЕВА, режисер од Бугарија

· ***Ова е ваша прва соработка со битолскиот театар и токму гоголевата ЖЕНИДБА.***

АБАЏИЕВА: Многу сум му благодарна на директорот на театарот, Љупчо Ѓорѓиовски, кој ме покани. Ми овозможи кастинг, и работата со секој од актерите за мене беше предизвик. И се радувам дека постигнавме секој актер во претставата да донесе нешто лично, што јас многу го ценам.

· ***Прв пат сте на фестивалот!***

АБАЏИЕВА: Знам дека ова е ваш најавторитетен фестивал на театарот и горда сум што дојдовме во официјалната програма. Имам искуство со македонската публика. Два пати учествував со мои, бугарски претстави на МОТ и многу се радувам што догодина имам покана со еден мој проект што го правев со еден мој проект што го правев со Народниот театар во Софија.

· ***Што е предизвик за Вас како режисер?***

АБАЏИЕВА: Може да се каже дека имам поставено на сцена четири текста на Шекспир, на Чехов, на Гогољ. Пред десет години првпат ја поставив Женидба, кога бев на четврта година студии и ѝ се радувам на оваа постановка, особено што работев со исклучително талентирани млади актери.

· ***Ќе продолжите ли во иднина да соработувате со македонските театри?***

АБАЏИЕВА: Се надевам. Имам понуди. Нашите театарски постановки во Бугарија се поразлични и ми е предизвик да работам овде. Многу ми е битно да се сретнам со вашата актерска школа, тоа е големо искуство. Работев во Русија и во Германија. Таа соработка создава едно големо театарско семејство.



**ЃУНЕР**

Рекоја:
- Тука некогаш течеше
река.
Гледам:
песок,
чакал,
пустош,
без човек и водата
некаде бега!
Нека!
Ѓунер е тука - ќе не
спаси!
Гарант!
Ене кај ликот насмевка
му го краси
кога тогаш
и сега Талија го чека
жедна за смеа,
аплаузи и игри
пред
и по четириесетлета!



# РАБОТИЛНИЦА: ЛУТЕТЕ СЕ -

## РЕШЕТАСТО ЌОШЕ

### ЖИРИ

О каква чест да бидиш член на жири, и тоа Фестивалско жири и да работиш јавно. Нели тоа е придонес од развојот на демократските односи во нашето ни Демократско општество. Имено, јавно доаѓаш на претставите, значајно седнуваш во седиштето во салонот, јавно ја одгледуваш или ја преспиваш претставата, ждригаш и потоа јавно ја напушташ салата. Она што го бележиш во бележникот е тајна. Тајна е и тоа со кого пиеш кафе или пијачка. Бидејќи тоа ти било индивидуална работа. Мешањето во индивидуалните работи е кршење на законските права и се разбира казниво. Сакавме да узнаеме колкава е тежината ако ја издадеме тајната на жирито. Меѓутоа, не успеавме во намерата. Нашето тајно лице задолжено за тајна присмотра падна јавно по испијаната трета ракија.

### СЕ ШУШКА

Нели при отворањето на Фестивалот бевме фасцинирани од раскошниот огномет. Потоа раскошно во нашата раскошна велигденска облека се упативме во салата да го проследиме раскошното отворање на четириесеет и првиот Фестивал и настапот на МНТ. Е ете токму тогаш во наше отсуство во прилеп пукнал збор.

“ Алал да им е на театарцине. Се досетија и им припукаа на чавките и ги нападија од булеварот”. Задоволни од тоа прилепчани беше си решиле и си ја почестиле душата со по една пијачка во чест на театарџиската досетка што остана не заборавена и оваа година.

## ОД ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО НА ШЕКСПИР ОД МАРИОВО

О!...
Вековниот сон идеал
О!...
Го оствари нашето племе:
О!...
Создаде човек лесен и мал,
О!...
Практичен човек за секое време

(светлото на сцената не се гасни зошто одамна светлото ни го зедоа технократите)

### ХОТЕЛИ

Кој вели дека Прилеп нема хотели за сместување на гостите. Види мајката Прилеп немал хотели! Има, и тоа какви хотели има. Во Прилеп има еден отворен и еден затворен хотел. Ако сака Прилеп има хотели во Крушево, ама ги има богами и во Битола. Може и Охрид, ама ладно е, а пак за оние гости во кои врие авантуристичкиот дух прилепчани им препорачуваат сместување во Скопје. Види мајката Прилеп немал хотели, ајде бе оди шетај.

# КОПРИВАРНИК

# И ТОА Е ЗДРАВО



## ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

***ХЕНДИКЕП***

На фестивалот во Прилеп допатува како висок интелектуалец, но слаб по знаење оценија во Фестивалското бифе!

***ВООЧУВАЊЕ***

Штом олку предизборно се разгракале партиските глувци - сигурно водачот им е пијан, заклучија кафанските мачори!

***ПОВИК***

Според висината на личните доходи партиските можат да проценат дека повеќе имаа тогаш - кога веќе ништо немаат!

***СОЗНАНИЕ***

Кој вели дека на сцената не мукаат телињата - што знае телето во каква кризна состојба се наоѓа млечната индустрија!

## МИСЛА НА БИЛТЕНОТ

*Живоᴛоᴛ е најдобраᴛа алаᴛка само во рацеᴛе на живиоᴛ човек.*

## ШПИЦ - БЛИЦ

Кој вели дека годинава Илија Струменикоски (Бог ќе ти знае дали е подобар актер или сликар) заборавил да го покаже својот лик на годинешниов театарски Фестивал. Или е тука изложен во фоајето од Домот. Неможете да го распознаете зошто таква му е моментната сликарска техника. Прво си го разложил ликот, а потоа ни го презентира во боја. Дека тоа е така можете да се уверите во неговите шест експонати на изложбата: "Артистите сликаат" што се разликува на онаа на Марин Бабиќ "Артистите пеат".

* * *

Број политичари и идни учесници во претстојните парламантарни избори присуствуваа на отворањето на Фестивалот и си заминаа. Ами не се шути да се заморуваат кога знаат дека само за неколку дена ќе имаат шанса да се изнаплукаат на сопствениот фестивал, финансиран од државата и во сослужение на целиот ни народ.

* * *

Абе кај си може Нерон со нас. Ние сме гении. Ние добивме шанса да го повикаме народот на игри, фудбал и избори. И воедно да му речеме дека потоа и Рим може да гори!



**КИРИЛ**

Те слушам кај словиш
на подзаборавен говор,
онака како Марко
Цепенко што умееше
тоа да го чини.
Те слушам јас,
и сите ние собрани да
славиме ние во негово
име,
а сепак не знам,
дали тоа зборот твој
изречен од твојата уста
или раскошот
огнометни бои го
изрешети небото над
Прилеп?
Се дека ќе е зборот,
слаткоуст и топол,
изговорен од твојата
душа
не грее -
не грее сите - не вика:
"Повелете на игра, дај
соберете сила
зошто животот е сепак
за орање предолга
нива".

Народен театар - Штип



**ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА**
Август Стриндберг

Режија: Јован Ристевски

Играат:
Јелена Јованова
Зоран Иваноски
Маја Андонова

**Актерите за претставата:**

ЗОРАН ИВАНОСКИ:
Задоволен сум што учествувавме со претставата на фестивалот. Тоа е доказ за она што го работиме веќе неколку години. Покажавме дека и ние нешто знаеме. Задоволен сум од тоа како ја одигравме претставата. Испадна добро, како на премиера. Се чувствуваше енергијата меѓу нас. Ова ни е 15-та изведба.

ЈЕЛЕНА ЈОВАНОВА:
Драго ми е што ја одигравме претставата на фестивалот и што не видоа гледачите. Задоволна сум. Претставата помина одлично, а и реакцијата на публиката беше убава.

МАЈА АНДОНОВА:
Јас сум студент на четврта година и голема чест ми е што настапувам на фестивалот. Тоа е посебна чест за секој студент. Публиката ми е позната и добро беше што се претставивме. Задоволна сум од тоа како ја изведовме претставата. Тоа ние 15-та изведба и помина една година како ја играме. Драго ми е што годишнината се поклопува со фестивалот.

**Публиката за претставата:**

- Претставата беше супер. Посебно сум задоволен што двајца од мојата класа играа во неа. Беа одлични. Прикажаа посебен сензибилитет во играта.

- Одлична претстава. Студентите се многу напред, како и Факултетот. Имаат напредни идеи. Браво за режисерот. Сите тројца актери ми се допаднаа.

- Одлична претстава. Млади и надежни актери.

Случувања

## ВПЕЧАТЛИВА ИЗЛОЖБА НА АКТЕРИТЕ - СЛИКАРИ

Посетителите на годинешниот театарски фестивал "Војдан Чернодрински" во големото фоаје при Домот на културата имаат редок настан за чувствително ликовно доживување на актерите - сликари. Тоа чудно делење на душата меѓу сцената и сликарството се огледа во изложените над 20 ескпонати. Тие се доживуваат растреперено, напати возвишено и ги допираат целите на ноуменот односно создавањето и пресоздавањето на светлината како универзум на животот.

Разложените ликови на светците на Илија Струменикоски, лирските пејзажи на Ванчо Петрушевски, гротескните ликови на актерите на Смиле Цветановски како и пастелите на Драгиша Димитријевски - Шипе даваат можност да се помисли дека актерите сликари како да ги надополнуваат една во друга изразните особености на различните уметности.

- Кога ја видоа мојата самостојна изложба во Куманово, претставниците на МТФ "Војдан Чернодрински" изразија желба да направиме изложбата и на фестивалот. Желба ни е до година да претставиме и други актери, што повеќе слики, што повеќе поезија и љубов на овој фестивал - вели Драгиша Димитријевски - Шипе.



И С П Р А В К А

*Во каталогот на МТФ "Војдан Чернодрински" се направени следниве пропусти:*

- претставата ЕМИГРАНТИ во продукција ОДА - Тетово е означена како претстава во off програма, наместо во официјалната програма.
- во жирито на off програмата стои Александра Бошковска, а треба Младен Крстевски.

# ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА "ШАШАРДИСАНИ ВРЕМИЊА" од БЛАГОЈА РИСТЕСКИ - ПЛАТНАР

(таму на вилаетот негов, крај Црна Река, Мариово)

Таму, крај Црна Река, крај водите и пределите мариовски кои на Платнара му даваа бескрајна инспирација, се сретнаа денеска семејството, кршна прва и друга побратима, пријателите и духот платнаровски да побеседат, да се насладат на убавините и да го разглаголат духот на Платнар.

ШАШАРДИСАНИ ВРЕМИЊА

Пространа ќелија во затворот Беаскуле во Солун........
........ На масата на средина седат Спиро Црне и Качак Сулејман и играат табла.

СПИРО: Пак мамиш. Фрли дубара, а играш душеш!
СУЛЕЈМАН: Годињето ми те навасале, кардаш, си оќорел. Гол душеш беше. гол како голо бутче од јавриче пролетарче. од девојче голомеше, небаре гола плешка од невеста - гаќереста, разгаќена.
СПИРО: Еј де, еј де, не премирај, в ут не удирај стара песна, туку играј ја дубарата, да ми ти ја сркнам попарата, да ми ти ги шмукнам алтаните од стопаните вудвосани што ги набра пчишконо, нешто сланско и долненско исто. Оние де, што не ги пријави.
СУЛЕЈМАН: Ти, по старо, старо- аро допукано со пукало рѓосано, воќосано и затнато, та разбери: нема ништо што сум задскрил. ниту покрил, потоморил. Не сум сторил зулум арен спроти тебе, нешто што не треба и не личи да приличи, оти не го бива бим кардаш да се слизга, да се ѕвизга и откине најблискиот, сунискиот, мажот кршен, та прекршен.

(извадок од досега необјавената драма на Благоја Ристески Платнар "Шашардисани времиња"; читаше: Кирил Ристоски)



. . . Книгата која е сега овде е едно дополнување, една порака, еден нов абер од Платнар до нас, еден дел од она што остави зад себе, не го печатеше туку ни остави нам да се радуваме што од него уште стасуваат вести и зборови негови кои еве ги слушнавме вака, прекрасно кажани. ( . . . )

Би било добро да размислиме да направиме еден фонд, еден начин на зачувување на барем дел од она што Платнар ни го даде, еден вид книжевна награда за најдобар драмски текст на овој Фестивал и да се вика " Благоја Ристески Платнар". . .

( Ферид Мухиќ)

***Гледавте:***

Македонски народен театар - Скопје
ЦРНИЛА 005
Коле Чашуле
режија: Слободан Унковски

Народен театар - Битола
ЖЕНИДБА
Николај Василевич Гогољ
режија: Лилија Абаџиева

Испитна претсатава од III година на ФДУ, во копродукција со Штипски театар
ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА
Август Стриндберг
режија: Јован Ристовски

***Ќе гледате:***

**Недела, 4 јуни**

20.00 ч. / Народен театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп
Народен театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп
РОБЕРТО ЗУКО
Бернар-Мари Колтес
режија: Кирил Петрески

22.00 ч. / Дом на културата "Марко Цепенков"
Народен театар - Битола
ХАМЛЕТ ЗА ПОЧЕТНИЦИ
Според Вилијам Шекспир
режија: Дејан Дамјановски

**Понеделник, 5 јуни**

20.00 ч. / Народен театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп
Народен театар - Куманово
ОРКЕСТАР ТИТАНИК
Христо Бојчев
режија: Љубиша Георгиевски

22.00 ч. / Дом на културата "Марко Цепенков"
Турски театар - Скопје
ТАРТИФ
Жан Батист Молиер
режија: Дејан Пројковски

**Придружни манифестации:**

Понеделник, 5 јуни, 11.00 ч., Хотел Монтана - Крушево
Панел дискусија: Стапици за храбрите: новата генерација македонски режисери меѓу естетиката и политиката
модератор: Иван Додовски

Вторник, 6 јуни, 11.00 ч., Хотел Монтана - Крушево
Затворена дискусија на тема: Комуникација драматург - режисер - менаџер на институционален театар и драмски писател - режисер - менаџер на институционален театар

Билтен на 41 МТФ „Војдан Чернодрински” - Прилеп
За издавачот: Кирил Ристоски
Уредник: Александра Бошковска
Новинари: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска и Светлана Ристеска.
Фотографии: Милан Темелкоски, Светлана Ристеска и од архивите на театрите.
Печат: „Тирекс” - Прилеп
Прилеп, 04.06.2006

Македонски театарски фестивал
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП
Дом на култура „Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел: (048) 40 16 30 или 42 55 20
факс (048) 40 16 31
e mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

# *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

## 41 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ:

**Собрание на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Стојан Дамчески, Љупчо Ѓорѓиевски, Адем Карага, Трајче Кацаров, Атила Клинче, Младен Крстевски, Ванчо Мелев, Љупчо Петрушевски, Силвија Стојановска, Љубомир Чадиковски

**Извршен одбор на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Силвија Стојановска, член
Атила Клинче, член
Љупчо Ѓорѓиевски, член
Трајче Кацаров, член

**Секретар на МТФ:** Стојан Дамчески
**Технички Секретар:** Љупчо Тодоровски
**Уредник на билтен:** Александра Бошковска

**Уметнички директор:** Ѓунер Исмаил

**Жири:**
Искра Гешоска, теоретичар на уметност
Братислав Димитров, драмски писател
Мето Јовановски, актер
Тодор Кузманов, театарски критичар
Иван Поповски, режисер

**Жири за off програма:**
Младен Крстевски, актер
Зоја Бузалковска, режисер
Маја Мицевска, драмски писател



